**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**

**ODA STOMATOLOGJIKE E MAQEDONISË**

**MACEDONIAN DENTAL CHAMBER**

MEMBER OF fdi FDI World Dental Federation

**Бр. 02-968/2**

Скопје, 06.10.2021 година

Врз основа на член 27 од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија *(Сл.весник на РСМ бр. 118/2021),* Извршниот одбор на Стоматолошката комора на Македонија на својата **23-ра седница**, одржана на **ден 06.10.2021 година**, ја донесе следната

# ОДЛУКА

## за усвојување на иницијатива со предлози за дополнување на Законот за здравствена заштита

### Член 1

Се усвојува **Иницијативата со предлози за дополнување на Законот за здравствена заштита.**

### Член 2

Иницијативата со предлозите за дополнување на Законот за здравствената заштита ќе се достави на разгледување и усвојување до Собранието на Комората, на првата наредна седница.

### Член 3

Одлуката влегува во сила на денот на нејзиното донесување.

### Образложение

Иницијативата произлегува од утврдените надлежности во член 9 став 1 точка 23) од Статутот на Комората („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 118/21), според кој меѓу другото, Комората покренува и дава иницијативи за донесување и изградување на мислења и дава предлози по однос на закони, прописи и други мерки од обласата на стоматолошката здравствената заштита, коишто се однесуваат на стоматолошката здравствена заштита, согласно Законот, констатираните проблеми при практичната примена на Законот, предлозите од членовите на Комората за унапредување и подобрување на законските решенија и нормативно доуредување на одредени прашања.

Извршниот одбор ги утврди следните предлог-одредби за дополнување на Законот за здравствената заштита:

1. **ПРЕДЛОГ-ОДРЕДБА за дополнување на член 70 од Законот**

**Во член 70 по ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:**

„(4) Поликлиника што спроведува стоматолошка здравствена дејност во две или повеќе ординации може да спроведува дејност на примарно ниво во ординации од примарно ниво и специјалистичко-консултативна дејност во ординации од секундарно ниво (стоматолошка поликлиника на примарно и секундарно ниво)."

2. **ПРЕДЛОГ-ОДРЕДБА за дополнување на член 250 од Законот**

**Во член 250 по став (3) се додаваат два нови става, кои гласат:**

„(4) По исклучок од став (1) од овој член во Стоматолошката комора се здружуваат и здравствени работници со средно, вишо и високо стручно образование со положен стручен испит вработени во здравствени установи што вршат стоматолошка здравствена дејност.

(5) За здравствените работници од ставот (4) на овој член Стоматолошката комора води евиденција."

**3. ПРЕДЛОГ-ОДРЕДБА за дополнување на член 256 од Законот**

Во член 256 став (1) по точката 3) се додава нова тока 4), која гласи:

„4) донесува акт за утврдување на минималните цени на здравствените услуги кои пациентите ги плаќаат со лични средства;"

Точката 4) станува точка 5).

**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**ИЗВРШЕН ОДБОР,**
**Претседател,**
**д-р Мирлинд Селими**

М.П.

СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА * ODA STOMATOLOGJIKE E MAQEDONISË * SHKUP * СКОПЈЕ